

**Михај Немет, Директор за Стратешко управување со средства, Маѓар Телеком АД**

Михај Немет (роден во година) дипломирал како Овластен економист на Универзитетот за економија во Будимпешта, а потоа како Овластен правник на ELTE Правниот институт за високо образование. Во 2005 година станал овластен финансиски аналитичар (CFA charterholder), што претставува високо ценето звање во областа на инвестициите.

На почетокот на својата кариера работел како аналитичар на акционерски капитал во BudaCash, а потоа во брокерската компанија K&H во Унгарија. Во 1998 година се придружил на MATAB Рт., претходник на Маѓар Телеком.

На почетокот работел во телекомуникациската компанија како деловен аналитичар, а потоа од 2000 година како Раководител на Секторот за деловно планирање и од 2004 година како Заменик директор за контрола. Во 2008 година бил именуван за Директор на Финансискиот директорат во Дирекцијата на Групацијата Маѓар Телеком. Помеѓу 2010 и 2012 година работел како Директор на Директоратот за централни услуги на компанијата. Оваа организација работела како повеќефункционален услужен центар на компанијата. Од јануари 2013 година се наоѓа на позицијата Директор за Стратешко управување со средства. На оваа функција тој е одговорен за управување со портфолиото на подружниците, спојувања и преземања, финансии, управување со обртен капитал и функции за порамнување со партнерите на Маѓар Телеком.

Во последните години бил на разни позиции во Одборите на директори и Надзорните одбори на разни компании. Во моментов е Претседател на Надзорниот одбор на Origo Zrt и член на Одборот на директори на Vidanet Zrt.

Преведено од Лингва Експерт